Почитуван потпретседател на Собранието, г-дин Горан Мисовски,

Почитуван министер за транспорт и врски, г-дин Благој Бочварски,

Почитуван министер за локална самоуправа, г-дин Ристо Пенов,

Почитувана пратеничка во Собранието, г-ѓа Моника Зајкова,

Почитувани гости од извршната и законодавната власт, од регулаторните тела и институциите,

Почитувани членови на Комисијата на Агенција за пошти,

Почитувани претставници на давателите на поштенски услуги,

Дами и господа,  драги пријатели,

Чест ми е да ве поздравам и да ви посакам добредојде на свеченото одбележување на 15 годишниот јубилеј од основањето на Агенцијата за пошти како независно регулаторно тело од областа на поштенските услуги.

Одбележуваме 15 години од институцијата која го осигурува обезбедувањето на универзална услуга, го следи развојот и ја промовира конкуренцијата на пазарот на поштенските услуги, и се грижи за заштита на правата на корисниците.

Основната идеја за основањето на регулаторот е втемелена во првата поштенска директива на Европскиот парламент и совет од 1997 година, што значеше обврска за државата за именување национално тело за поштенскиот сектор кое ќе го регулира пазарот на поштенски услуги и тело кое ќе биде законски одделно и независно од друг државен орган и поштенските оператори.

Секој период има свои предизвици, но некои имаат историска важност.

Агенцијата е формирана со Законот за поштенски услуги кој е донесен на 4 јануари 2008 година. Веднаш потоа Собранието во февруари истата година ги избра членовите на Комисијата, а Агенцијата во Централниот регистар е запишана во јули 2008 година кога е избран и првиот Директор. На денешен ден во 2008 година Агенцијата стана оперативна со вработувањето на првите 4 службеници.

Во текот на досегашното постоење, создаде регулаторен систем кој што освен Законот за поштенските услуги, го сочинуваат подзаконските акти, регулаторните мерки и одлуки кои ги подготви и имплементираше Агенцијата. Ваквата законска рамка, претставуваше солидна основа за изградба на современа Агенција за пошти, која ги следи трендовите во поштенскиот сектор и е доследна на остварувањето на своите цели.

Првата индивидуална дозвола за обезбедување на универзалната услуга е издадена на 12.12.2008 година на тогаш АД Македонска пошта, и беа издадени и 7 одобренија на приватни субјекти за обезбедување на поштенски услуги, од кои 5 сеуште активни и етаблирани на поштенскиот пазар.

Од тогаш до денес, низ процесот на лиценцирање во Агенцијата поминаа вкупно **88 даватели** на поштенски услуги, и издадени вкупно **127 различни видови дозволи**.

Овие значајни придобивки се сочувани и до ден денешен.

Денес, 15 години подоцна, Агенцијата за пошти е професионално, самостојно и независно регулаторно тело кое успешно ја остварува својата мисија. Да ги заштити корисниците; да се грижи за создавање и одржување на ефикасен поштенски сектор кој ќе нуди квалитетни поштенски услуги и ќе даде значителен придонес за понатамошен економски развој во земјата, да

промовира ефективна и одржлива конкуренцијата и обезбедување на фер пазарни услови во секторот.

Агенцијата за пошти била и останува носечки и круцијален фактор за етаблирање и развој на пазарот на поштенски услуги. Заслуженото место што денес Агенцијата го има е постигнување за кое се имаат заложено многу поединци, како поранешниот директор, поранешни Претседатели и членови на Комисијата, сегашните членови на Комисијата и секако вработените.

Но, тоа не би било возможно, ниту пак доволно, без идеите и иницијативите на давателите на поштенски услуги, без поддршката и плодната соработка со Собранието, Владата, Министерствата, институциите за што денеска, ја изразувам мојата Благодарност.

За време на пандемијата се покажа дека поштенскиот сектор има критична улога во обезбедувањето на услугите на граѓаните. За олеснување на последиците од пандемијата, на Владата и предложивме да усвои вкупно 15 поединечни мерки за поддршка и помош на давателите и дел од нашите предлози за финансиска поддршка беа интегрирани во генералните владини пакет - мерки за поддршка на фирмите и економијата.

Давателите на поштенски услуги покажаа дека се подготвени искрено да помогнат на општеството кога е најтешко и покажаа храброст и во такво време-невреме да влезат во нови инвестиции кои ќе им помогнат да се прилагодат на новонастанатите услови, но и да растат.

**Почитувани гости,**

Веќе 15 години, Агенцијата за пошти стои цврсто на заложбите за одржување на кохерентен правен систем на пазарот на поштенски услуги.

Денес, Агенцијата за пошти има значителен број на донесени стратешки документи, анализи кои се однесуваат на развој на поштенскиот пазар, висок степен на реализирани активности, има богата статистичка база – која е збогатена со извештаи кои ги објавуваме двати годишно и на тој начин направивме сериозен исчекор отстапувајќи од вообичаената европска практика тоа да се прави на крајот на година, се со цел да развиеме подобар систем на регулација врз основа на расположливите статистички податоци и за да создаваме соодветни политики кои ќе бидат реални и ќе се базираат на вистинската слика за поштенскиот сектор.

Изминатите години го зголемивме број на спроведени надзори и овластени лица за вршење на надзор и ги унапредивме механизмите за ефективна контрола и надзор над работата како врз субјектите кои неовластено обезбедуваат поштенски услуги, така и врз лиценцираните даватели и го зајакнавме следењето на активностите на терен и на социјалните мрежи и навремено ја информиравме јавноста и надлежните институции. Соработката со Министерството за внатрешни работи, Царинската Управа, Управата за јавни приходи, Државниот пазарен инспекторат, Државниот инспекторат за труд, во дел од надзорите, е пример за успешна меѓуинституционална соработка која треба во континуитет да ја унапредуваме за да обезбедиме уште поефикасно и ефективно справување со сите недозволени дејства користејќи ги сите механизми кои ни се на располагање.

Имаме национална поштенска регулатива која е целосно усогласена со 2-те поштенските директиви и практично од 01.01.2024 година со укинувањето на ексклузивно право на давателот на универзална услуга да обезбедува резервирани поштенски услуги ќе биде направено и последното усогласување со Третата поштенска директива.

Примената на стандарди во сите делови од работењето и добивањето на ISO 9001:2015 сертификатот го потврди високиот квалитет на работењето на Агенцијата.

Агенцијата за пошти е препознатлива и на меѓународен план. Бележиме активно учество на сите состаноци на работните групи и пленарни сесии на Европскиот Комитет за поштенска регулација, на Светскиот Поштенски Сојуз, активни сме и во рамките на Групата на европски регулатори на поштенски услуги. Вредно е да се каже дека Агенцијата во јуни 2019 година беше домаќин на 54-тиот Пленарен состанок на Европскиот Комитет за поштенска регулација, на кој присуствуваа околу 80 претставници од 28 земји членки на Комитетот.

Бележиме зајакнато учество во рамки на процесот на спроведување на реформите за трговија и конкурентност во земјите на ЦЕФТА - дел сме од проектот на Канцеларијата на Обединетите нации за дрога и криминал.

Со право може да се каже дека денес Агенција за пошти е препознатлива и ужива углед во меѓународните кругови.

Учеството во работата на меѓународните институции ни помага и нам во тековното работење. Од аспектот на стручност Агенцијата постојано напредува, нашите вработени учествуваат на голем број на обуки кои се можност на најдобар начин да се преземат искуствата кои ги има во другите земји,

Потпишавме меморандуми за соработка со регулаторните тела на земјите од регионот со цел унапредување на поштенските услуги, и взаемно искористување на позитивните искуства и сознанија и соработка на заеднички проекти од областа на регулацијата на пазарот на поштенски услуги.

Агенцијата за пошти во изминатите 15 години како институција - корисник учествуваше во над 30 работилници, 10 ТАЕКС експертски мисии, 1 твининг проект и неколку студиски посети.

Благодарност до Делегацијата на Европската Унија во Скопје и Секретаријатот за европски прашања затоа што ја препознаа решителноста на Агенцијата за пошти да го вложи својот максимум во зајакнување на сопствените институционални капацитети  и секако резултите и придобивките од истите беа и се квалитетен водич во активностите кои ги превзема Агенцијата во насока на унапредување и зајакнување на пазарот на поштенски услуги.

Агенцијата за пошти активно се вклучи во билатералните скрининзи за Поглавје 3 и Поглавје 8 од Кластер 2 – Внатрешен пазар, а нејзиниот придонес е високо вреднуван од ЕУ.

Го унапредивме и процесот на донесување на одлуки. Имено, во текот на работата секогаш се обидуваме  и во тоа успеваме да излеземе во пресрет на сите барања и успеавме да излеземе од клишето на една јавна институција и да воспоставиме принципи на работа со кои навремено и брзо ќе одговараме на сите дописи кои се во значителен обем.

**Проактивната транспарентност ни стана вистинска вредност и ја зајакна нашата доверба кај сите чинители на поштенскиот пазар и пошироката јавност.**

**Зголеменото ниво на информираност на корисниците за рекламационите постапки и постапките за преставки и управни приговори е уште еден од низата успеси на Агенцијата**. Наша цел и заложба е уште повеќе да работиме на подигање на јавната свест и информираност за правата на корисниците.

Досегашните резултати во транспарентноста се комплимент и признание за мене лично, за стручната служба и за Агенцијата за пошти која што изгради еден поинаков стандард во своето работење.

**Транспарентна институција, информирани граѓани!!!**

**Почитувани гости,**

Во моментов, на македонскиот поштенски пазар работат 35 лиценцирани даватели на поштенски услуги кои ги нудат своите услуги на пазарот и околу 3.200 поштенски работници подготвени да одговорат на барањата на корисниците. Сосем разбирливо и очекувано, е дека дигитализацијата на општеството и растот на е-трговијата сѐ повеќе ги направија услугите за достава на пакети главен фокус на внимание на давателите на поштенски услуги, и во тој контекст поштенскиот сектор ја покажа својата флексибилност и прилагодливост кон економските и општествените предизвици, со вкупен обем изминатата година од околу 36 милиони пратки.

Доброто управување и прецизната регулација, како и императивна цел за заштита на корисниците на поштенски услуги се суштински елементи за неопходното зајакнување на довербата, и оттаму со вистински пристап и мерки успеваме да изградиме партнерски однос и искрена доверба со сите даватели на поштенски услуги за што им изразувам благодарност.

Горди сме на постигнатите резултати и воедно спремни сме да опстоиме и да се справиме со сите идни предизвици. Продолжуваме со отпочнатите проекти и реформи во нашиот делокруг на работење, на тој начин придонесувајќи кон јакнењето на поштенскиот сектор.

И на крај дозволете да изразам благодарност на членовите на Комисијата, стручната служба т.е. вработените за нивниот несебичен придонес и залагање во успесите на Агенцијата за пошти.

Нека ни е честит 15-годишниот јубилеј од основањето на Агенцијата за пошти.

**Со изрази на високо почитување ви благодарам за Вашето присуство.**